ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

Енергија

Број 7 • Година III • февруари-април 2009 година

ПРИРОДА ПРЕТОЧЕНА ВО **ЕНЕРГИЈА**

СЕ ПРОДОЛЖУВА ЖИВОТНИОТ ВЕК НА ТЕ „БИТОЛА“

Основна цел на модернизацијата на агрегатите на ТЕ „ Битола“ е зголемување на коефициентот на полезно дејство, зголемување на производството на електрична енергија и продолжување на животниот век на термоелектраните

Годинава во РЕК „Битола“ е планирано да почне ревитализацијата и модернизацијата на агрегатите на термоелектраната, што во крајна линија ќе го продолжи векот на експлоатација на овој наш најголем енергетски капацитет, кој остварува повеќе од 70% од вкупното производство на електрична енергија во земјата, за наредните дваесетина години.

Овој капитален зафат за ревитализација на нашиот најголем производствен капацитет почна на 25 август минатата година кога се распиша меѓународниот тендер за модернизација на агрегатите на ТЕ „Битола“ со кој се предвидува модернизација на проточниот дел на турбините на агрегатите, модернизација на системот за регулација и заштита на турбините, модернизација на единечните склопови на генераторите, модернизација на системот за вибродијагностички мониторинг на турбоагрегатите, модернизација на системот за водење на енергетските блокови, како и ревитализација и модернизација на цевните системи за котлите, резервни делови за напојните и циркулациони пумпи со нивна автоматизација.

Според директорот на ТЕ „Битола“ м-р Тони Паспаловски, со планираната модернизација треба да се зголеми снагата на секој агрегат поединечно, преку подобрување на степенот на корисно дејство, односно без зголемување на специфичната потрошувачка на јаглен да се произведува поголемо количество на електрична енергија. Значи со други зборови, со модернизацијата на агрегатите ќе се зголеми производството на електрична енергија и во крајна линија ќе се продолжи работниот век на експлоатација на термоелектраната во наредните дваесетина години.

Во моментот заврши првата фаза од тендерот за кој голем интерес пројавија повеќе реномирани фирми од земјата и странство, од кои, по детално разгледување на доставените пријави и целокупната документација а согласно условите дефинирани во тендерот, комисијата за техничка евалуација за втората фаза понуди достави до фирмите Alstom Поласка, Tehnopromexport Русија, Teploenergoservis-ЕК од Русија и МЗТ Пумпи од Скопје, Simens Германија, Силовие машини од Русија и Alstom Power Service GmbH од Германија.

Доколку се оди според предвидената динамика, модернизацијата на агрегатите на термоелектраната се очекува да започне заедно со ремонтите во термоелектраната оваа година и да се одвива сукцесивно на трите блока во наредните неколку години рече Паспаловски.

Ј.К.

ГИ ЗАЈАКНУВАМЕ ПЕРФОРМАНСИТЕ

СТАРТУВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДИСПЕЧЕРСКИОТ ЦЕНТАР НА ЕЛЕМ

ЕЛЕМ ќе инвестира 2,2 милиони евра сопствени средства за имплементација на управувачки Диспечерски центар (SCADA) кој ќе обезбеди прецизно планирање и регулација на постојните термо и хидроелектрани при производството на електрична енергија.

Врвната технологија што ќе ги поврзе капацитети за производство на електрична енергија ќе биде лоцирана во Дирекцијата на АД „Електрани на Македонија“ во Скопје, а хардверските и софтверските решенија ќе ги обезбеди и имплементира реномираната германска компанија „Сименс“ чија понуда беше избрана за најповолна на меѓународниот јавен повик со претквалификациска фаза што беше распишан минатата година.

„Со реализацијата на овој проект вложуваме во нашата професионална опрема и во кадри, но истовремено и во модернизација и подобрување на перформансите на компанијата која претставува важен чинител во енергетскиот систем на Република Македонија. Целта е единствена – да се обезбеди непречено и квалитетно производство на електрична енергија“ - вели д-р Влатко Чингоски, генерален директор на АД ЕЛЕМ.

Според договорот потпишан помеѓу АД ЕЛЕМ и „Сименс“, германската компанија ќе треба ја инсталира новата опрема до крајот на годинава. За потребите на Диспечерскиот центар, АД ЕЛЕМ веќе обучува кадри кои ќе бидат подготвени соодветно да одговорат на работниот процес.

Енергија

Весник на „Електрани на Македонија“

Издавачки одбор:
Д-р Влатко Чингоски
Генерален Директор на АД ЕЛЕМ
Јасна Иванова-Давидовиќ
Директор за развој и инвестиции
Владимир Огњановски
Директор за правни и општи работи

Главен и одговорен уредник:
Мирче Котевски

Редакција на весникот:
Катерина Лазаровска
Весна Муловска
Благица Пеповска
Јован Колевски

Телефони на редакцијата:
++389 (0)2 3 149 102
++389 (0)2 3 248 853
++389 (0)47 206 247

e-mail:mirce.kotevski@elem.com.mk
jovan.kolevski@elem.com.mk

Уредува и печати:
Европа 92 - Кочани

ПОНУДА

ВТОРА МОЖНОСТ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗАМИНУВАЊЕ ВО ПЕНЗИЈА

Управниот одбор на нашата компанија донесе Одлука со која се утврдуваат критериуми за раскинување на Договорите, со склучување на писмена спогодба помеѓу работникот и Друштвото. Критериумите за раскинување на Договорите за вработување се: работниот стаж на работникот и во Друштвото и надвор од него. На работниците кои сакаат да ги раскинат Договорите за вработување со склучување на писмена спогодба според критериумот се понудува: исплата по една плата од последната плата на работникот за секоја година работен стаж поминат надвор од Друштвото, која не може да биде поголема од 500 евра во денарска противвредност и исплата по плата и пол од последната плата на работникот за секоја година работен стаж во Друштвото, која не може да биде поголема од 750 евра во денарска противвредност. Вкупниот износ не може да изнесува повеќе од 23.000 евра во денарска противвредност.

Понудата за доброволно заминување е атрактивна за вработените кои имаат уште неколку години до пензија. За спроведување на оваа Одлука се објави Оглас за пријавување на сите заинтересирани работници кои сакаат да им престане работниот однос со склучување на писмена спогодба, која мора да содржи одредби за последиците кои ќе настанат поради спогодбеното раскинување на Договорите за вработување, при остварување на правата врз основа на осигурување во случај на невработеност.

Одлуката влезе во сила на денот на донесувањето 26.12.2008. Барањето за доброволно престанување на работниот однос, заинтересираните работнии го поднесуваа до Секторот за правни и општи работи во Дирекцијата односно Подружницата со назнака „За интерен оглас“.

За одобрените барања работниците ќе бидат известени заради склучување на Спогодба за раскинување на Договорите за вработување со АД ЕЛЕМ. Исплатата на платите на работниците со кои ќе се склучи писмена спогодба за раскинување на Договорите за вработување ќе се врши на три еднакви рати. Целта за донесување на оваа Одлука е воведување на нова организациона поставеност во АД ЕЛЕМ, да се подмлади работниот кадар во компанијата, како и подобрување на финансиската состојба на Друштвото.

ПРИЗНАНИЕ

ЕЛЕМ ГО НАГРАДИ НАЈДОБРИОТ СТУДЕНТ НА ФЕИТ

Факултетот за електротехника и информациски технологии(ФЕИТ) свечено ги врачи дипломите на првите магистри и дипломирани инженери на ЕКТС – програмата. „Вие сте генерација која ќе стане интелектуална елита и носител на развојот на нашата земја, регионот, Европа и светот. Имате можност да се вклопите во брзиот и технолошки се понапреден свет и да станете онаа сила која помага, која гради и која го движи светот напред, им се обрати д-р Вангел Фуштиќ, деканот на ЕТФ, на дипломците.

Претставникот од инженерската институција на Македонија Александар Димитриевски, ги поздрави најдобрите студенти и во нејзино име им додели признанија – инженерски прстен. Овие признанија претставуваат не само личен поттик, туку и можност за вклучување во современиот инженерски подмладок. АД ЕЛЕМ и оваа година во рамките на програмата за високо образование финансиски ги поддржа студиите на ФЕИТ и за најдобриот студент Дарко Митровски на смерот Електроенергетски системи(ЕЕС) обезбеди пригоден дар – лаптоп. Подарокот го врачи д-р Влатко Чингоски, генерален директор на АД ЕЛЕМ. Д-р Чингоски му го честита успехот на Митровски и му посака добро здравје и напредок во кариерата.

-Вакви кадри и требаат на Република Македонија. Со постојана надградба на вашето знаење, ќе бидете една од важните алки за зајакнување на електроенергетскиот сектор во Македонија- нагласи д-р Чингоски.

Образованието е најголемиот капитал во секоја држава, смета менаџерскиот тим на АД ЕЛЕМ, бидејќи претставува основен двигател на економскиот развој. Енергетскиот сектор можеме да го развиваме само преку создавање на стручен кадар кој ќе одговара на потребите на развиениот свет кој секојдневно оди напред.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА КРУПЕН ЗАФАТ

ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА **ТУРБОАГРЕГАТИТЕ ВО „ЕНЕРГЕТИКА“**

АД „Електрани на Македонија“ заедно со хрватската компанија „Алстом“ од Карловац, ја почнаа реконструкцијата и модернизацијата на два турбоагрегати во производствениот капацитет „Енергетика“, лоциран кај скопската населба Железарница. Инвестицијата вредна над 2,7 милиони евра сопствени средства на ЕЛЕМ, почна откако кон крајот на минатата година успешно беше финализирана тендерската постапка за избор на изведувач на работите.

Предмет на инвестицијата е модернизација на старите турбини произведени во периодот од 1964 до 1966 година кои со години не беа во функција и кои после реализацијата на проектот ќе работат во когенеративен режим и комбинирано ќе произведуваат електрична и топлинска енергија. Со реализацијата на проектот, АД ЕЛЕМ дополнително ќе добие на располагање приближно 30 MW нова инсталирана моќност за потребите на електроенергетскиот систем на Република Македонија. Подружницата „Енергетика“ се предвидува да произведува годишно до 160 GWh електрична енергија, со едновремена можност за производство до 200 GWh топлинска енергија. Како погонско гориво ќе се користи природниот гас кој досега на истата локација се користеше само за производство на топлинска енергија.

Оваа инвестицијата се очекува значително да ги намали трошоците за производство на топлинска енергија, а истовремено да ја зголеми ефикасноста на агрегатите при производството на електрична енергија. „Алстом“, согласно договорот ќе треба да ја заврши планираната реконструкција пред почетокот на наредната грејна сезона, односно најдоцна до средината на октомври годинава кога двата турбоагрегати ќе бидат на располагање на АД ЕЛЕМ, подготвени да испорачуваат електрична енергија за потребите на електроенергетскиот систем на Република Македонија и топлинска енергија за потребите на локалниот топлификационен систем на АД ЕЛЕМ.

ИНТЕРВЈУ: Д-Р ВЛАТКО ЧИНГОСКИ, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА АД „ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА“

СОЗДАВАМЕ ПОДОБРА ИДНИНА ЗА ЕНЕРГЕТИКАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Со добиената цена од 1,7867 за произведен киловатчас, нашата компанија ќе има поголема можност да продолжи со веќе започнатите, но и да иницира нови проекти кои ќе придонесат за модернизација и зајакнување на енергетскиот систем на Република Македонија, како и за квалитетно, стабилно и најекономично производство на електрична енергија, смета д-р Чингоски

Разговарал: **Мирче Котевски**

Г-дине Чингоски, зад нас е уште една година во која несомнено енергетиката беше најприсутна меѓу економските теми во јавноста. Се разбира, најзначајно место меѓу настаните, барем што се однесува до работењето на АД ЕЛЕМ, зазема стапувањето во сила на новиот Закон за енергетика на 5-ти септември, лани, кој бездруго, генерално ги измени односите меѓу енергетските компании во Република Македонија во насока на зајакнување на нивните перформанси и воспоставување на квалитетен електроенергетски систем. Генерално, што очекувате суштински да се измени со примената на законот?

АД ЕЛЕМ согласно измените на Законот за енергетика кој стапи на сила на 5 септември минатата година, е регулиран производител на електрична енергија и вршејќи јавен сервис има обврска за снабдување со електрична енергија на компанијата за дистрибуција и снабдување на тарифни потрошувачи на мало АД ЕВН, со вкупните количини електрична енергија за задоволување на потребите на тарифните потрошувачи и за покривање на техничките загуби во трансформација и дистрибуција на оваа енергија во дистрибутивната мрежа во количини одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, односно до 11% од вкупните потреби на потрошувачите. Имено, АД ЕЛЕМ склучува билатерални договори за услугите со АД МЕПСО и со АД ЕВН по регулирани цени и тарифи одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика. Токму на овој начин, преку склучувањето на директни билатерални договори ќе се овозможи поголема транспарентност во должничко-доверителните односи како и поефикасен финансиски менаџмент. Со новините се елиминира потребата од Агенција за порамнување на финансиските обврски, а се очекува значително да се подобри ликвидноста на нашата компанија. Генерално, со новиот Закон за енергетика сметам дека ќе се подобрат перформансите на сите чинители во електроенергетскиот сектор токму во насока на зголемување на квалитетот на услугите кои ги даваат кон потрошувачите на електрична енергија.

Од 1 ноември лани, на електроенергетските компании врз основа на пресметките за трошоците од работењето, Регулаторната комисија за енергетика им одобри нови цени за дејностите што ги вршат. Но, факт е дека цената што пред корекцијата ја имаше АД ЕЛЕМ за произведен киловатчас изнесуваше 1,31 денари и речиси сите од енергетскиот сектор се согласија дека со таа цена, компанијата нема можност за развој, и дека е загрозено и тековното одржување на производствените капацитети. Дали со новата цена за дејноста производство на електрична енергија може реално да очекуваме нови значајни инвестиции во производството на електрична енергија?

Токму поради неодржливата состојба во која со години се наоѓаше производниот сегмент во рамките на електроенергетскиот сектор на Република Македонија, АД ЕЛЕМ во септември лани, побара и зголемување на својата регулирана производна цена за 39,3%, односно пораст на цената на произведениот киловатчас од 1.31 на 1,81 ден, цена со која нашите анализи покажаа стабилизирање и обезбедување на развојна компонента во работењето на компанијата.

Регулаторната комисија за енергетика одговори позитивно на барањето за корекција на цената на произведената ЕЕ, па очекуваме корпоративната функција на инвестирање во нови производни капацитети на долг рок да се спроведува без поголеми проблеми. Сметам дека со добиената цена за услугата од 1,7867 за произведен киловатчас која ја нуди како јавен сервис, ќе има поголема можност да продолжи со веќе започнатите, но и да иницира нови проекти кои ќе придонесат за модернизација и зајакнување на енергетскиот систем на Република Македонија, како и за квалитетно, стабилно и најекономично производство на електрична енергија. При тоа секако и понатаму ќе треба да се следат сите трошоци во работењето, истите да се рационализираат и доколку постои повторно потреба да се интервенира во крајната цена за произведениот киловатчас. Ова дотолку повеќе што со завршување на 2008 година заврши т.н. првиот регулиран период и од 1-ви јануари 2009 година почна вториот регулиран период и примената на новата методологија за формирање на цените на енергенсите.

Секако 2008 година ќе ја паметиме по солидното производство и работа на двата рударско енергетски комбинати „Битола“ и „Осломеј“: Забележан е мал број непланирани застои на термоелектраните, а производството на електрична енергија е натрфлено за неколку проценти во споредба со планираното во енергетскиот биланс. На што се должат ваквите резултати?

Точно така. Имено, во последните две години сите наши електрани беа подложени на помали или поголеми технички зафати со цел да се одржат во солидна кондиција и соодветно да одговараат на потребите од електроенергетскиот систем. Во изминатиот период покажавме и докажавме дека редовната нега и континуираното спроведување на ремонтни зафати се главни фактори за стабилно производство и редовна испорака на електрична енергија. Годината што измина, можам да ја оценам како исклучително тешка, но и успешна за ЕЛЕМ, што се однесува до делот на производството на електрична енергија од нашите термоелектрани „Битола„ и „Осломеј“. Точно е дека во последниве две години, дежурна тема во јавноста стана производството на електрична енергија и можностите на „Електрани на Македонија“ да ги продуцираат планираните количини согласно енергетскиот биланс, но со ресурсите што ги имаме на располагање, и се разбира со несебично залагање на нашите вработени успеавме термоблоковите да ги одржиме во солидна кондиција. Доказ за тоа е забележаното натфрлување на минатогодишниот план за производство кое капацитетите на ЕЛЕМ требаше да го обезбедат за потребите на електроенергетскиот систем на Република Македонија, се разбира, во согласност со Енергетскиот биланс. Наспроти некои шпекулации дека производството е намалено, состојбите на терен го покажуваат спротивното, и тоа токму во делот на термокапацитетите.

Имено, производството на електричната енергија од термоелектраните во 2008 година е поголемо за 274,6 GWh (6 %) во однос на 2007 година.

Ако погледнеме во електроенергетскиот биланс за 2008 година, АД ЕЛЕМ има остварено 5615,4 GWh (93,0 %) од планираното производство и тоа термоелектраните имаат остварено 2 % поголемо производство од планираното. Производството во Битола 1 и Битола 3 е помало во однос на лани за 2,1 % и 5,6 % соодветно што се должи на извршените капитални ремонти на турбините на двата агрегата, додека во Битола 2 е остварено поголемо производство за 11,4 % во однос на 2007 година што е резултат на изведениот ремонт во пократок временски период од предвидениот. Термоелектраната „Осломеј“ пак, произведе за 51,6 % повеќе киловатчасови во однос на 2007 година.

-Г-дине Чингоски, 2008 година бездруго ќе влезе во историјата на ТЕ „Осломеј“ како период кога бил постигнат еден од најдобрите резултати во досегашното работење. За што станува збор?

Она што ми претставува вистинско задоволство мене, но и на целиот менаџерски тим на АД ЕЛЕМ и на РЕК „Осломеј“ е фактот што термоелектраната „Осломеј“ во 2008 година постави нов рекорд во континуирна работа од над 3976:10:00 часа или над 165,7 дена без непланиран застој, а планираното производство го натрфли за околу 10%.

После извршените ремонтни активности во мај и јуни лани, ТЕ „Осломеј“ ја вклучивме во електроенергетскиот систем на 22 јуни и оттогаш непрекинато произведуваше електрична енергија за потребите на домашниот електроенергетски систем. Како период без застој е досега најдобро остварување во историјата на РЕК „Осломеј“ од почетокот на работењето на термоелектраната во 1980 година. Колку за споредба, досегашното најдобро време во непрекинато работење остварено на почетокот на 2001 година изнесуваше 135 денови или 3249 работни часови.

Оваа електрана на 29 ноември 2008 година, ги произведе планираните 603.000 мегават часови електрична енергија со што успешно го заврши годишниот производствен процес. Ова го истакнувам како исклучителен резултат ако се има во предвид фактот дека РЕК „Осломеј“ работи од 1980 година и оттогаш досега ова е меѓу најдобрите постигнати резултати. Се надеваме дека овој тренд на зголемено производство ќе продолжи и во годините што доаѓаат.

Веќе ги добивме и првите количини јаглен од Брод-Гнеотино, рудник кој заедно со резервите од Суводол, ќе го продолжи животниот век на најголемиот домашен производствен капацитет РЕК „Битола“ најмалку до 2025 година. Дали, во агендата на активности за годинава е предвиден почетокот на проектот за отворање на подинските серии на рудникот Суводол кои треба да обезбедат стабилно и долгорочно снабдување со јаглен за ТЕ „Битола“?

Успешно тече експлоатацијата на јаглен од рудникот „Суводол“ кој за жал, ги живее последните години од својот експлоатациски век. Но и покрај тоа, нашите рудари таму, успешно си ги одработуваат обврските. Тука можам да го напоменам и конечното отворање на јагленокопот Брод-Гнеотино, кој годишно треба да ни обезбедува околу два милиони тони јаглен за потребите на термоблоковите. Првите количини јаглен од тој рудник очекуваме да бидат испорачани во текот на оваа 2009 година за потребите на битолските термоелектрани, иако факт е дека овој јагленокоп требаше да биде отворен многу порано уште во 2007 година и сега активно да функционира, но зошто тоа не било направено, за мене останува енигма.

И рудникот „Осломеј“ го натрфли производството на јаглен за околу 15 отсто, по дислокацијата на реката Темница која таму минуваше среде јагленкопот. Токму реализацијата на тој мошне сложен проект во втората половина на 2007 година беше клучен да овозможиме продолжување на животот на РЕК „Осломеј“ кој според сегашните резерви од јаглен, може без грижа да работи во наредниве десетина години.

Сакам да нагласам дека АД ЕЛЕМ во периодот што доаѓа сериозно ќе се ангажира да ги отвори подинските серии на рудникот Суводол, храбар проект кој е многу значаен за долг живот на РЕК „Битола“. За овој зафат секако ќе бидат потребни пред се, многу големи финансиски средства, бидејќи станува збор за можне сложена и скапа технологија која е неопходна за таков вид ископувања. Во овој момент, ЕЛЕМ нема таква опрема, но ќе направи се што е во негова можност да ја обезбеди во функција на одржување на долгорочно стабилно производство на јаглен од сопствени извори. Без оглед на цената за реализација на таков проект, јасно е дека треба целосно да ги насочиме силите кон максимално искористување на домашните ресурси бидејќи опцијата увоз на јаглен, па макар и од Косово се покажа како поскапа и потешка алтернатива за продолжување на векот на РЕК „Осломеј“ и РЕК „Битола“.

Дали ЕЛЕМ активно ќе се вклучи во истражувањата во Мариовскиот басен како потенцијално лежиште на јаглен?

Токму оваа намера е една од најприоритетните цели на ЕЛЕМ во иднина бидејќи годинава што изминува за првпат покренавме иницијатива за истражување на јагленовиот басен во Мариовскиот

басен. Преку јавен повик побаравме фирма која ќе ни помогне целосно да ги утврдиме потенцијалите на мариовското лежиште од кое засега имаме недоволно податоци кои може да ни откријат дали овој реон исполнува услови за изградба на термоелектрана. Пред да го распише тендерот, ги собравме сите досегашни податоци од истражувањата кои во три наврати се спроведувале во овој реон, заклучно со 1985 година. Тие податоци практично ни претставуваат појдовна точка во истражувањата. Во оваа фаза рано е да се зборува за можни варијанти за инвестирање. Се разбира дека најдобро би било самите да ги обезбедиме сите услови , но не е исклучено доколку така се договориме со Владата, да побараме компанија која би го отворила овој рудник и со кого АД ЕЛЕМ би склучиле долгогодишен договор за откуп на јагленот за потребите на нашите термоелектрани. Ова е можно дотолку повеќе што рудниците во Мариово (а подоцна и во Неготино и Живојно) би биле од јамски тип, а за експлоатација на јаглен од ваков тип на рудници ние во Македонија немаме искуство.

Факт е дека хидроелектраните потфрлија во производството. Две зими во континуитет имаме слаби и незначителни врнежи од снег и дожд што директно влијаат на намалените дотоци во акумулациите и нискиот водостој, со што логична последица е и намаленото производството од тие капацитети во овој период. Кои се предвидувањата за годинава и дали неодамнешните врнежи од снег може да допринесат да се зголемат дотоците, а со тоа и производството на ЕЕ од хидроелектраните?

За жал, нашите хидроелектрани во 2008 произведоа 41,1 % помалку од планираното што се должи на намалените дотоци и лошата хидролошка состојба на акумулациите.

Кај хидроелектраните сепак, никако не можеме да влијаеме на зголемување на производството, бидејќи тоа зависи само од природните услови. Наспроти тоа, можам слободно да констатирам дека овие капацитети, согласно своите можности, АД ЕЛЕМ ги одржува во одлична техничка кондиција и се подготвени во секој момент да одговорат на потребите на електроенергетскиот сектор на Република Македонија.

Хидроелектраните исто така, беа подложени на одредени ремонти и засега сме задоволни како функционираат. Но, без оглед што се подготвени за производство, вистина е дека последниве две години се соочуваме со катастрофални хидролошки услови. Изминатите две зими имаше незначителни врнежи од снег и дожд што како состојба резултираше со исклучително ниско ниво на акумулациите , со што страдаше и производството на електрична енергија од хидроелектраните. Единствена можност која ја имавме на располагање е да го минимизираме производството од хидроелектраните и колку –толку да ја заштедиме водата во пресрет на зимата кога и потрошувачката на електрична енергија е значително поголема. Зимава што изминува ветува дека може да се подобри хидролошката слика на Македонија и значително да го подобри водостојот во нашите акумулации, што секако би значело зголемено производство на електрична енергија од ХЕЦ-овите. Точната ситуација ќе биде позната некаде при крајот на месец април и почетокот на месец мај кога ќе ги знаеме расположивите акумулирани количини на енергија во нашите хидроелектрани.

Се прилагодува ли ЕЛЕМ на принципите на енергетската ефикасност?

Подобрувањето на енергетската ефикасност ќе биде едно од клучните прашања на кои сите енергетски компании ќе треба интензивно и крајно сериозно да работат. ЕЛЕМ допрва ќе влегува во вакви проекти, но најмногу во делот на воведување на енергетска ефикасност во производството на електрична енергија преку подобрување на искористеноста на примарните енергенси и зголемување на ефикасноста на постројките за производство на електрична енергија, а со тоа и соодветна заштита на животната средина. Сметам дека оваа тема треба да биде постојано присутна во јавноста во насока на менувањето на навиките на граѓаните и барањето начини за подобро искористување на енергијата. Во Македонија секоја година во просек за 4-5 % растат потребите од електрична енергија, а она што е крајно загрижувачки е зголемениот тренд домаќинства кои се откажуваат од топлинската енергија и се одлучуваат токму електричната а енергија да ја користат за затоплување. Тоа е едноставно неприфатливо. Без оглед што цената на електричната енергија со одлука на Регулаторната комсиија за енергетика од 1 ноември минатата годинава е повисока за 13,6 отсто, Македонија остана една од земјите во која цената на овој енергент

Дали на Македонија или во најмала рака, на регионот, им е потребна Берза на енергија?

Македонската енергетската асоцијација при Стопанската комора на Македонија веќе дебатираше на темата дали е потребна Берза за електрична енергија и други енергенси во земјава. Повеќето членови беа согласни дека таа би била од голема корист за сите стопански субјекти во регионот, а евентуалната реализација на таков проект ќе изгради транспарентна база и индекс на цени за купопродажба на електрична енергија и други енергенси. Без оглед на тоа дали проектот би се имплементирал во национални или регионални рамки и независно од тоа која институција ќе биде надлежна да го реализира, убедени сме дека бенефициите од отворањето на берза ќе може да ги почуствуваат енергетските компании во Република Македонија, но и во поширокиот регион, како и потрошувачите на енергија, воопшто.

е меѓу најниските во споредба со останатите балкански и пошироко европски земји. Преку воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија и преку штедливо однесување кон електричната енергија граѓаните би биле изложени на помали трошоци, би се намалил ризикот од евентуален недостаток на енергенсот, но и значително би се подобриле приликите во доменот на заштита на животната средина.

Во секој случај придобивките се бројни и за сите чинители. Домаќинствата би заштедиле пари, фирмите би остварувале поголем профит, државата преку енергетските копмании ќе го намалат трошењето на фосилните горива и сл. Така овие фосилни горива би траеле многу подолго, а животната средина би била поштедена од големи емисии на јаглерод диоксид, а би се минимизирале и емисиите на согорување.

Во таа насока АД ЕЛЕМ сериозно работи на максимално ефикасно искористување на енергијата, воведување на нови обновливи извори и рационално искористување на јагленовите ресурси во производството.

Што покажаа досегашните истражувања на брзината на ветерот на локациите каде што се вршат мерењата и дали е оправдано да очекуваме набрзо ЕЛЕМ да влезе со инвестиции во овој проект самостојно, или заедно со стратешки партнер?

Првичните анализи на резултатите од извршените мерења, укажуваат дека, во принцип, на избраните локации има добри до одлични резултати кои се погодни за комерцијално искористување на енергијата на ветрот. Генерално, може да се констатира дека на дел од локациите најголема брзина на ветерот има во периодите на маловодие, што значи е комлементарен на хидроенергијата. Секако, овој проект кој интензивно го водиме во ЕЛЕМ веќе неколку години има повеќе придобивки. Така, предвидени се нови 100 GWh годишно производство на чиста и одржлива електрична енергија. Исто така, проектот се одвива во согласност со законската регулатива на Република Македонија и на Европската Унија. Истиот ќе биде имплементиран откако ќе биде одобрена Студијата за влијание на животната средина (EIA – Environmental Impact Assessment). Проектот е дотолку позначаен што покрај производство на електрична енергија обезбедува и нето годишна заштеда на стаклени гасови од околу 37 tco2.

Овој проект ќе овозможи инвестиции во делот на експертиза, набавка на опрема, понуди `клуч на рака` итн. Во изминатиот период меѓународните финансиски институции пројавија голем интерес за финансирање на проектот, а ЕЛЕМ и натаму ќе продолжи интензивно да работи на воведување на ваков вид енергија во Република Македонија.

Во кои извори ја гледате енергетската иднина на Македонија и на Балканот?

Долгорочно, Македонија има проекти чија реализација значително би ја зајакнало нејзината енергетска позиција. Тука мислам на изградбата на Гасната електрана во населбата Железарница за која ЕЛЕМ очекува понуди за партнерство до крајот на март . Тука се разбира се и хидро проектите Чебрен, Галиште, Бошков Мост, Вардарска долина и како што истакнав погоре можноста за изградба на термоелектрана во Мариово во зависност од резултатите што ќе ги добиеме од истражувањата јагленовите резерви во Мариовскиот басен. Тука е идната гасификација на Македонија која значително се очекува да го намали притисокот врз потрошувачката на електрична енергија , многу домаќинства би ја користеле за затоплување, а и голем дел од фирмите би ја прифатиле како основно погонско гориво. Како што моментално стојат работите, на енергетската мапа во поширокиот регион, само Романија, а за некоја година и Бугарија долгорочно го решаваат проблемот со снабдувањето со електрична енергија преку изградба на нуклеарни електрани, а во периодот што доаѓа овие две земји ќе бидат и главните извозници на електрична енергија поради отсуство на нови производни капацитети.

ВЛАДИМИР ОГЊАНОВСКИ, ДИРЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

ПОТПИШАН НОВИОТ **КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР**

Правните норми содржани во овој договор се применуваат непосредно и се задолжителни за работодавачот АД „Електрани на Македонија“ и за работниците кои се во работен однос со Друштвото. Потребата за донесување на новиот Колективен договор произлезе поради истекување на важноста на Колективниот договор на ЕЛЕМ потпишан на 22.12.2005 година, кој беше склучен за времетраење од три години.

Иницијативата за донесување нов Колективен договор ја поведе Синдикалната организација на АД ЕЛЕМ, како еден од учесниците и потписник на овој договор. Управниот одбор на компанијата ја прифати иницијативата, по што генералниот директор формира комисија составена од претставници на Синдикатот и претставници од АД ЕЛЕМ - Скопје, со задача да изготват предлог-Колективен договор на АД ЕЛЕМ, изјави за „Енергија“, Влатко Огњановски, директор на Секторот за правни и општи работи. Предлогот на Колективен договор на АД ЕЛЕМ беше разгледан од Управниот одбор на Друштвото и од Собранието на Синдикалната организација и беше прифатен и потпишан од двете страни на 25 ноември лани, а стапи на сила со негово објавување во Службениот гласник на Друштвото. Со Колективниот договор се уредени правата и обврските на потписниците, правилата со кои се уредува склучувањето, содржината и престанокот на работниот однос и други прашања од работните односи или во врска со работните односи, истакна директорот Огњановски.

-Правните норми содржани во овој договор се применуваат непосредно и се задолжителни за работодавачот АД “Електрани на Македонија“и за работниците кои се во работен однос со Друштвото-вели Огњановски.

Натаму, утврдена е најниската плата за полно работно време и нормален работен учинок и изнесува 181,5 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметката.

Меѓу другото, предвидена е одредба за вработените со VII/2 и VIII степен на стручна подготовка, да добиваат зголемена плата, со цел да се стимулираат вработените да го продолжат и надградат своето образование, кое ќе придонесе за идниот развој на компанијата.

Изменета е и одредбата за теренскиот додаток со утврдување на времето на престој на терен, за објекти кои се во фаза на изградба, кои ќе се утврдат со одлука на Управниот одбор.

-Договорот предвидува одредба за исплата на јубилејна награда на работниците со навршен стаж во Друштвото, а досега се бараше непрекината работа во Друштвото. Со оваа одредба работниците кои од различни причини имале прекин во работниот стаж во Друштвото, сега ќе можат да го остварат ова право со навршен работен стаж од 10, 20, 30 и 35 години работа во Друштвото, а за децата на починати работници на Друштвото, надоместокот за школување во основно училиште од 20% е зголемен на 30%, во средно училиште од 30% е зголемен на 40% и на виша школа и факултет од 40% е зголемен за 50% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходните 3 месеци-вели Огњановски.

Според него, отпремнината при заминување во пензија на работниците, сега е зголемена од 2 на 3 просечни месечни плати исплатени во Републиката во претходните три месеци.

Исто така, во делот за безбедноста и здравје при работа, Друштвото организира работилница за безбедност и здравје при работа, во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес во Друштвото.

-Безбедност и здравје при работа ги опфаќа сите техничко-технолошки, организациони, правни, социјални и здравствени мерки, како и други средства и методи со кои се создаваат безбедни услови за работа на работникот. Друштвото е должно да го обезбеди остварувањето на правото на работниците за безбедност и здравје при работа преку свои претставници кои учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина. Во Друштвото има девет претставници на работниците за безбедност и здравје при работа, избрани од Синдикалната организација на Друштвото. Претставниците на работниците за безбедност и здравје при работа имаат посебна заштита од работен однос што ја има и претставникот на Синдикалната организација на Друштвото, согласно со закон и Колективниот договор, како и право на посебна обука за безбедност и здравје при работа, специфична за дејноста на Друштвото- истакна директорот за Правни и општи работи на АД ЕЛЕМ.

К.Л.

ДИМЕ ДАМЧЕВСКИ,
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ НА АД ЕЛЕМ

ЗАДОВОЛНИ СМЕ ОД **ПОГОДНОСТИТЕ** ЗА РАБОТНИЦИТЕ

Задоволен сум од она за што се изборивме во договорот. Сметам дека за разлика од претходниот договор , со новиот се изборивме за низа погодности за нашите работници, изјави Диме Дамчевски за „Енергија“ .

Синдикатот, вели Дамчевски, во делот на плати се избори најниската плата за полно работно време да се зголеми од 150 на 181,5 евра во денарска противредност по среден курс на Народна банка на Р. Македонија. Ова – како што истакнува Диме Дамчевски е една од најголемите придобивки од овај Колективен договор. Исто така, на работниците кои работат во смени платата им се зголемува за 10%.

Друштвото има девет претставници на работниците за безбедност и здравје при работа, кои ги избира Синдикалната организација. Тие поминаа посебна обука за безбедност и здравје при работа. Во рамките на нивното делување тие имаат право да побараат од работодавецот информации во врска со планирањето и уредувањето на безбедност и здравје при работа, за превентивни и заштитни мерки и средства, за професионални заболувања и несреќи при работа, за прегледи и испитувања на орудијата и условите за работа и за обучување и оспособување на работниците за безбедна работа.

-Новина во Колективниот договор е и членот во кој при евентуална приватизација на Друштвото или негов дел, новиот сопственик е должен да ги преземе сите работници кои на денот на приватизацијата имаат склучено договори за вработување со Друштвото и со сите работници да склучи договор за работа за најмалку 5 (пет) години и во овај рок не смее да врши откажување на договорите за вработување од деловни причини, на крајот од разговорот- истакна Дамчевски.

-Со овој договор јасно се определува поимот блиски роднини, во кои влегуваат : брачниот другар и децата на работникиот, родител, брат, сестра, дедо, баба, внуци од брат или сестра како и родител, брат, сестра и внуци на сопружниците и се сметаат како неодделив дел од семејството. Новина е тоа што, во случај на смрт на родителите на работникот кои живеат во заедничко домаќинство, погодноста е таа што на работникот му се исплаќа надоместок во висина на една просечна месечна плата во друштвото во претходните три месеци.

Б. П.

ГОДИНА НА ИНВЕСТИЦИИ

ОТВОРАЊЕ НА ПОДИНСКИТЕ СЕРИИ НА **РУДНИКОТ „СУВОДОЛ“**

Определбата на АД ЕЛЕМ е што побрзо целосно да се отвори ПК „Брод-Гнеотино„“, со што ќе се овозможи заедничка паралелна експлоатација со преостанатиот дел на ПК „Суводол„, односно подоцна со подинската јагленова серија

***Весна* Муловска**

Утврдените количини на јаглен од двете наоѓалишта: рудникот „Брод – Гнеотино„ и подинската јагленова серија со својата економска и експлоатабилна оправданост обезбедуваат гаранција за континуирано снабдување со јаглен и продолжување на векот на ТЕ „Битола„ до 2025 година. Трифун Милевски, рударски дипломиран инженер и координатор за енергетско планирање во АД ЕЛЕМ, вели за нашиот весник дека отворањето на двата површински копа се наметнува како неопходно бидејќи во спротивно ќе заврши експлоатацијата на јагленот од постојниот рудник „Суводол“, а со тоа ќе престане и работата на термоелектраната. Отворањето и изградбата на површинските копови за јаглен е неопходно заради одржување на континуитетот со снабдување на јаглен на термоелектраните. Просторот од наоѓалиштето ПЈС се наоѓа во експлоатационото поле на рудникот „Суводол„ и зафаќа површина од околу 3км2 односно 1/3 од вкупната површина зафатена со главниот јагленов слој (10км2). Подинскиот јагленов комплекс лежи под главниот продуктивен слој на наоѓалиштето и во него се издвоени 1 – 18 слоеви на јаглен. Просечната дебелина на јагленовиот слој во ПЈС изнесува 14,97 м. Анализата на досега изведените истражни работи за истражување на ПЈС, покажува дека економски интересни се два подински слоја на јаглен и тоа: I-от подински слој и II-от подински слој односно главниот слој од ПЈС. Првиот подински слој се карактеризира со релативно мала дебелина од 4,5 м и лежи непосредно под главниот продуктивен слој кој се откопува и се наоѓа на длабочина од 2,5 – 35, 0м. Вториот јагленов слој се наоѓа на поголема длабочина од 50 -100м, а од првиот слој е одвоен со серија на прашинети песоци. За разлика од првиот слој,овој има континуирано распространување со променлива дебелина и во одредени позиции се раслојува во повеќе слоеви. Вториот јагленов слој во југоисточниот дел од наоѓалиштето Врањевски ревир е со дебелина од 5,0 м – 39,2 м и се спојува со главниот продуктивен слој. Технологијата на експлоатација на подинската јагленова серија ќе се состои од континуирани БТО системи со користење на дел од опремата од ПК „Суводол„ по завршување на ископот на јагленот од главниот продуктивен слој и со еден нов БТО систем. Транспортот на јаглен кој ќе се откопува од ПЈС ќе се врши преку сегашниот транспортен систем кој се користи во рудникот „Суводол„.

РАБОТНА ГРУПА ЗА НАВРЕМЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЈС

За подобро и навремено координирање на сите потребни активности поврзани со отворањето на ПЈС постои работна група на ниво на АД ЕЛЕМ. Оваа работна група, истакнува мојот соговорник, ја прати изработката на Главниот рударски проект за отворање и експлоатација на јагленот од ПЈС, реализација на инвестициските вложувања и оперативните зафати. За навремена реализација на предвидената динамика на отворање на ПЈС потребно е до 2011 година да се набави нов БТО систем во согласност со инвестиционите вложувања на нашата компанија, вели Милевски. До целосната реализација на овој систем, подготвителните работи со изработка на усекот на отворање, ќе се користи опремата од Суводол. Истиот овој нов БТО систем ќе се користи после деветтата година во ПК Брод – Гнеотино поради значително зголемување на моќноста на откривката која изнесува и до 100метри. Од анализираните варијанти за ограничување на експлоатационото поле прифатена и оценета како најоптимална е варијантата со која се опфатени 53.577.440 тони јаглен, 216.862.456 м^3 јаловина со среден коефициент на откривка од 4,13 м^3/т, со годишен капацитет од 3,0 милиони тони јаглен. Во однос на концепцијата на отворање и технологијата на откопување , транспорт и одлагање на јаловината и откопување и транспорт на јагленот е прифатена варијантата со комбинирана технологија – континуирана и дисконтинуирана. Со оваа варијанта





со два надворешни и еден внатрешен усек по профил 53 – 53,се отвораат сите етажи на јаловината и јагленот. Со оваа варијанта е можно во втората година да се оствари бараниот капацитет од три милиони тони јаглен. Во рамките на оваа варијанта се изработи и подваријанта што подразбира поставување на транспортниот систем за јаглен од западната страна на рудникот „Суводол„. При отворањето на ПЈС и усвоената технологија како главен предуслов е вклопувањето и користењето на постојната опрема која се користи во рудникот „Суводол„. Отворањето на подинската јагленова серија треба да се вклопи во паралелната работа на трите рудници за ископ на јаглен и јаловина за нормално снабдување на ТЕ со јаглен до 2025 година и понатаму. Определбата на АД ЕЛЕМ е што побрзо да се отвори ПК „Брод-Гнеотино„, со што ќе се овозможи заедничка паралелна експлоатација со преостанатиот дел на ПК „Суводол„, односно подоцна со ПЈС. Кога сме на темата за јагленот и енергетскиот план, Милевски не заборави да спомене дека во тек е и ревизијата на изработениот проект за доистражување на јагленовото наоѓалиште во Мариово. Потоа ќе следи објавување на тендер за избор на понудувач за реализација на предвидените истражувачки и испитувачки работи со геолошките истражувања според спецификацијата зададена со проектот. Може да заклучиме дека 2009 година е ударна година, сите започнати работи треба да привршат, како и сите активности за доведување на новото лежиште за експлоатација и изработка на проектот.

РЕПОРТАЖА

МАГИЧНИОТ СВЕТ НА ВЕТЕРНИЦИТЕ

Мерните станици се метални столбови, високи 50 метри, кои најмногу личат на јарбол од брод. Тие се комбинација од механички и електро компоненти кои постојано ги бележат параметрите на ветерот

***Весна* Муловска**

Ветерот како извор на енергија е тренд во европските земји.Темата за ветерот како обновлив извор на енергија е разработувана и апсолвирана на сите советувања, предавања, на сите научни конгреси со сите нејзини предности и маани. Намерата на овој текст е да ја претставиме нашата конкретна работа на тоа поле и тоа не како стручен текст туку како преглед, односно претставување на начинот на одржување и испитување на мерните станици, вели за нашиот весник Иван Трпески, одговорен референт за регулатива и договори во Секторот за развој и инвестиции. ЕЛЕМ располага со мерни станици на микролокации кај Свети Николе, Штип, Богданци и Кожуф.

Станува збор за четири мерни станици испорачани од NRG Systems Inc.-US, од кои три се со височина од 50м и една со височина од 30м. Комплетната монтажа ја изведе нашата компанија, во соработка со норвешката компанија Kjeller Vindteknikk (KVT).Тоа е познато и веќе презентирано, но досега не сме кажале како во суштина изгледаат мерните станици и како се одвива процесот на мерење на ветерот, контрола на мерните станици и одржување на истите. Мерните станици се метални столбови, високи 50 метри, кои најмногу личат на јарбол од брод. На нив има инсталирани мерни инструменти кои постојано ги бележат параметрите на ветерот. Мерните станици се комбинација од механички и електро компоненти и како и секоја машина се расипуваат. Бидејќи функционираат непрекинато и во секакви временски услови се случуваат дефекти кои треба да се отстранат. Тие мора да се контролираат на неколку месеци. Интервенциите главно се однесуваат на суштинските компоненти кои ја бележат брзината и правецот на ветерот. Имајќи предвид дека сите мерни станици се поставени на релативно непристапен терен на поголема надморска височина не е така едноставно да се одржуваат и следат случувањата, вели Трпески.

Можеби е малку чудно, но на пат секогаш тргнуваме со скала, со комплетен алат, компјутер и неколку специфични резервни делови. Понекогаш треба само да се преземат регистрираните податоци од мерењата што само по себе не е возбудливо, но тоа е суштината на постоењето на самите објекти. Иако самите мерни станици се изградени според сите стандарди и добро заштитени од натрапници, се случуваат кражби на сајлите за затегнување и на мрежата која служи како ограда. Работната екипа на ЕЛЕМ ги одржува во „кондиција„ мерните станици, но не е мал и придонесот на теренски возила и возачи од ХЕЦ „Треска„. Екипата просечно на два месеци врши обиколка на сите четири мерни станици и тоа при секакви временски услови. Оваа работа не е едноставна, но истовремено е силно вдахнувачка поради чувството на потполна слобода кое го доживувате на 1 700м надморска височина, при што веројатно сте единствениот човек присутен таму, заедно со планината и високиот столб.

Пределите коишто притоа можат да се видат, прекрасните пејсажи, зелените ливади се извонредно убави како што може да се види од сликите. Глетката е инспиративна и несекојдневна. Работната задача понекогаш е и возбудлива авантура. Во една прилика интервенцијата траеше релативно долго и донесовме одлука храната да биде тука,на лице место. Оброкот во зелените ливади опкружени со инспиративниот свет на природата прави повеќе задоволство отколку вечера во италијански ресторан. Во друга прилика од блиската шума пред нас истрча волк, се смее нашиот соговорник, кој што го следеше нашето возило неколку стотина метри, но потоа го изгуби темпото. Волкот беше изнемоштен и стар и поради тоа ја прекинавме потерата. Тоа едноставно може да се доживее само ако сте таму,на лице - место, коментира Трпески, каде што хоризонтот ги спојува природата и небото. Убавата приказна ја завршуваме, ги оставаме волците во нивната природна средина, а ние заминуваме од магичниот свет на ветерниците.



ВО ПОВРШИНСКИОТ КОП БРОД-ГНЕОТИНО

ЗАВРШИ МОНТАЖАТА НА ПРВИТЕ РУДАРСКИ БАРАКИ

Покрај монтажата на бараките, паралелно се работеше на уредувањето на инфраструктурата на рудничкиот круг и пристапниот пат, како и на откривка на планираните количини јаглен за изминатата и за оваа година

Во површинскиот коп Брод-Гнеотино, покрај континуираните активности на откривање на планираните количини јаглен, од почетокот на оваа година се интензивираат и работите на уредувањето на рудничкиот круг и изградбата на пристапниот пат до рудникот. Така, веќе се готови и комплетно опремени првите три рударски бараки, кои се транспортирани од ХЕЦ „Козјак" и деновиве се очекува да бидат дадени во употреба. Решено е снабдувањето со електрична енергија, додека за снабдувањето со вода е најдено привремено решение додека не се обезбедат неопходните претпоставки за приклучување на градскиот водовод, и тие во моментот се едни од најмодерно уредените бараки во целиот систем на ЕЛЕМ, изјави Спиро Мавровски, технички раководител на ПК Брод - Гнеотино. Истовремено, распишан е тендерот за следните три рударски бараки, така да до крајот на летото се очекува и тие да бидат донесени и монтирани во рудникот Брод - Гнеотино.

Паралелно со ова се работи на решавање на проблемот со канализацијата и фекалните води за што се гради резервоар и пречистителна станица, како и пречистителна станица за масла.

-Урбанистичкиот план за рудничкиот круг, покрај изградбата на рударските бараки, предвидува и изградба на магацински простор, работнички ресторан, бензинска станица, амбуланта и голем паркинг простор, како и неопходното хортикултурно уредување на просторот околу објектите, со што новиот рудник Брод-Гнеотино ќе го заокружи својот конечен изглед - ни рече Мавровски

Еден од најголемите приоритети во моментов е изградбата на асфалтираниот пат до новиот рудник, за кој веќе е завршено идејното решение, и останува само да се избере изведувачот на работите па асфалтирањето на патот да почне во мај годинава. Доколку се се одвива според планираната динамика, патот се очекува да биде завршен некаде на крајот од летово, со што вработените во рудникот Брод-Гнеотино директно ќе доаѓаат на своите работни места.

Во делот на производството, во рудникот моментно работи првиот БТО систем кој во изминатата година ископа преку 6.100.000 метри кубни цврста маса, додека пред еден месец започна монтажата на машините од вториот БТО систем, кои се очекува да се транспортираат во новиот површински коп некаде на крајот на летото. Тое се бегерот СРс 1050 и одлагачот А2РСБ5050/66 кој се монтираат на монтажните платоа во термоелектраните и рудникот Суводол. Во меѓувреме, во рудникот Брод-Гнеотино е донесена една погонска станица а до пролетта се очекува да се донесат и останатите две погонски станици со што ќе се комплетира и вториот БТО систем. Годинава се очекува да се донесат и останатите помошни рударски машини како што се булдозери, ровокопачи и унидачи, кои заедно со новите теренски возила-џипови, ќе ја олеснат работата на новиот рудник Брод-Гнеотино. Се очекува и набавката на уште два багери-дреглајни ЕШ 10/70, кои што во тешки услови ќе помогнат во намалувањето на големите висини, кои во моментот се совладуваат со еден багер-дреглајн ЕШ 6/45 и со багерот СРс 2000 .

Годинава треба да се изработи траса за транспортниот систем со четири погонски станици, кој ќе се користи за дотур на јагленот од новиот површински коп до депонијата во термоелектраните. Машинскиот дел на овој транспортен систем ќе го гради ФОД ДООЕЛ Новаци, а истиот се очекува да проработи до крајот на годината.

Во моментов, според Мавровски во рудникот Брод - Гнеотино се работи на откривањето на 360.000 тони јаглен планирани за ланската година и на 900.000 тони јаглен од оваа година. Новиот рудник Брод-Гнеотино, заедно со експлоатацијата на подинските серии од рудникот Суводол, ќе го продолжат векот на работа на РЕК„Битола" во наредните 20-тина години.

Ј.К.

РЕК „БИТОЛА" ГО ОСТВАРИ ПЛАНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО ВО 2008 ГОДИНА

ПРОИЗВЕДЕНИ ПРЕКУ 4 МИЛИЈАРДИ КИЛОВАТ ЧАСОВИ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Степенот на искористување на инсталираниот капацитет од 75, 90 %, што ТЕ Битола го остварија во изминатата година е типичен индикатор за физичката и економска ефикасност на термоелектраните, а истовремено и најдобар показател за успешното и профитабилно работење на една базна конвенционална електрана.

Рударско-енергетскиот комбинат „Битола" минатата година во целост го оствари планираното количество на електрична енергија според енергетскиот биланс, односно трите енергетски блока на термоелектраните на мрежа предадоа 4.147.961.000 киловат часови електрична енергија, што претставува остварување од 99,31% на годишниот план. Доколку не беа големите потискувања од страна на диспечерската служба на МЕПСО, термоелектраните ќе произведеа 4.274.159.000 киловат часови електрична енергија , или планот би го остариле со 102, 30 %, вели директорот на ТЕ Битола, м-р Тони Паспаловски.

Изминатата година, коефициентот на часови кои термоелектраната ги помина на мрежа изнесуваше 84,51%, што споредено со признатите норми за блокови со фосилни горива при извршување на редовни годишни ремонти претставува добра погонска расположивост. Од друга страна, степенот на искористување на инсталираниот капацитет од 75,90%, според Паспаловски е типичен индикатор за физичката и економска ефикасност на термоелектраната, и најдобар показател за нејзиното успешно и профитабилно работење. Како илустрација само ќе наведеме дека германските конвенционални термоелектрани работат со коефициент од 65-75% на ангажиран капацитет, што само потврдува дека ТЕ Битола, 2008 година ја заврши на горната граница според коефициентот на ангажирање на капацитетите во однос на базните конвенционални термоелектрани што се практикуваат во Европа и светот.

Во текот на 2008 година термоелектраните работеа со просечна активна моќност на мрежа од 560,95 MW и за остварување на минатогодишното производство потрошија просечно по 1,51 kg јаглен и 2,3 gr мазут за произведен киловат час електрична енергија.

Овде треба да се истакне дека во изминатата година на термоелектраните се направени редовните годишни ремонти, вклучувајќи ги и комплетните капитални ремонти на првиот и третиот енергетски блок , што во голема мера ја подигна погонската подготвеност во меѓу ремонтниот период.

Годинава, ТЕ Битола е билансирана со поголемо производство на електрична енергија од ланското, но ако се има предвид работата на блоковите на почетокот на годинава, како и погонската подготвеност на постројките, реално е да се очекува повторување на минатогодишните производни резултати, истакна на крајот Паспаловски.

Ј.К.

УЧЕСНИЦИТЕ НА „ХИДРО 2008“ ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНИЈА

ИМА МОЖНОСТИ ЗА ПРИМЕНА НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ХИДРОЕНЕРГЕТИКАТА

На дводневната стручна посета во Македонија, што беше организирана во состав на конференцијата ХИДРО 2008, со техничка поддршка на Македонскиот комитет за големи брани (МКГБ) и ЕЛЕМ, делегати од неколку земји ги посетија ХЕЦ „Глобочица“, ХЕЦ „Шпилје“, ХЕЦ „Вруток„ и ХЕЦ „Треска“.Македонскиот комитет за големи брани пролетва ќе го организира својот втор Конгрес за големи брани во Охрид од 07 -09 мај .

Меѓународната конференција ХИДРО 2008 што се одржа во Љубљана, беше организирана по 14-ти пат од страна на англиската фирма Нетворк Евантс Лтд со поддршка на меѓународните организации ИКОЛД, ЕША, Светската банка и словенечките институции Турбоинститут и Литострој. Недостигот на енергија, континуираниот пораст на цената, како и долгорочниот недостиг од инвестиции во нови производни капацитети имаа значително влијание во дефинирањето на темите за разгледување на конференцијата, вели за нашиот весник професорот Љубомир Танчев. На конференцијата учествуваа преку 800 делегати од 70-тина земји, а од Македонија учествуваа пет делегати, и тоа еден од ЕЛЕМ и четири од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Откако заседаваа неколку комисии од областа на хидро¬енергијата, на 6 октомври лани конференцијата беше официјално отворена на пленарна седница, со говори на повеќе авторитети од областа, како и на министерот за економија на Владата на Словенија.

Потоа, во наредните три дена работата се одвиваше во повеќе претпладневни и попладневни сесии. Темите се актуелни и интересни, - истакнува професорот Танчев за повеќе земји во светот, па и за Македонија. Од аспект на нашата држава, особено беа интересни сесиите поврзани со можностите за примена на нови технологии во хидроенергетиката, за ефикасно искористување на значителниот преостанат хидропотенцијал, различните финансиски конструкции за овие релативно скапи објекти, планираната градба на пумпно-акумулациони постројки, хидроенергијата и климатските промени и др.

По конференцијата беа организирани две стручни посети на брани и хидроцентрали во Словенија и една таква посета во Македонија. Во Словенија беа посетени хидроцентралите Доблар на р. Соча, Златоличје и Мариборски Оток на р. Драва, Боштањ и Кршко на р.Сава. На дводневната стручна посета во Македонија, која што беше организирана во состав на конференцијата ХИДРО 2008, со техничка поддршка на Македонскиот комитет за големи брани (МКГБ) и ЕЛЕМ, учествуваа делегати од Индија, Германија, Португалија и Австралија. Учесниците допатуваа во Скопје попладне и по двочасовно разгледување на градот, продолжија за Охрид. Учесниците ги разгледаа најважните знаменитости на Охрид, како и браните и хидроцентралите „Глобочица„ и „Шпилје„. За нив беше организирана и екскурзија до Маврово, со попатно разгледување на манастирот „Св. Јован Бигорски“. Во Маврово ја посетија ХЕЦ „Вруток“. При посетата учесниците на турата беа придружувани од стручни и компетентни лица од подружниците на ЕЛЕМ - ХЕЦ „Глобочица“, ХЕЦ „Шпилје“ и ХЕЦ „Треска“, кои ги даваа потребните стручни појаснувања. Гостите се интересираа за сите аспекти на експлоатацијата на хидроцентралите, а особено за оскултацијата, управувањето и одржувањето. Особен интерес кај нив предизвика ХЕЦ „Козјак“, посебно поради фактот што е целосно автоматизирана и целокупната опрема е од кинеско производство.

Посетата ја придружуваше претставник на МКГБ, а последниот ден, при посетата на ХЕЦ „Козјак“ се придружија уште тројца професори – двајца од Градежниот факултет од Скопје и еден од Техничкиот факултет од Битола. Беше издадена и посебна брошура со опис и цртежи за посетените брани која што им беше поделена на учесниците – завршува професорот Танчев.

В.М.

ШТО Е МКГБ?

Македонскиот комитет за големи брани - МКГБ е стручна, невладина и непрофитабилна инженерска организација и е полноправен член на интернационалната комисија големи брани (ICOLD), со континуитет на членството од 1950 година. МКГБ имаше активна улога во проектирање, изградбата и одржувањето на големите брани во Македонија, преку директно учество на членовите во реализацијата на проектите, како и преку организирање на повеќе советувања, трибини и стручни презентации. Значајна активност на МКГБ претставува организирањето конгреси, на кои се прикажуваат остварувањата на полето на проектирањето, градбата и експлоатацијата на браните. Во таа смисла, првиот конгрес на МКГБ беше организиран во октомври 2004 година, а претседателството одлучи идната пролет да го организира својот втор конгрес за големи брани. Конгресот ќе се одржи од 07 -09 мај во Охрид, во конгресниот центар при УКИМ. За учество на вториот конгрес на МКГБ официјално ќе бидат поканети комитети – членови на ИКОЛД од регионов. Рефератите за конгресот не треба да се објавувани порано, треба да се однесуваат на следниве теми : проектирање на брани,современи методи за проектирање и анализа, градење на брани – финансиски аспекти, концесии, примена на современи технологии и материјали за градба,екплоатација, одржување и реконструкција на браните – искуства од оскултација на браните, проблеми кај изградените брани, реконструкција на браните и придружните хидротехнички објекти, хидројаловштина – искуства од проектирањето, градењето, експлоатацијата и влијанието врз животната средина.

Посета на браната Шпилје – од лево на десно : Тихомир Скепаровски (директор, ХЕЦ „Глобочица“), Бранко Босилков (туристички водич), Dr Jens Schramm (Германија), Mr Torsten Lippert (Германија), Мр. Славко Милевски (експерт, ХЕЦ „Глобочица), Стевчо Митовски (асистент, Градежен факултет - Скопје), Dr Fiona Ling (Австралија), Mr Chaitanya Behera (Индија), Mr Miraj Kumar Mishra (Индија) и Mr Francisco da Rocha e Silva (Португалија).

Проф.д-р Ристо Цоцонков

КАКО ДА СЕ ЗАШТЕДИ ЕНЕРГИЈА?

Ако за момент малку се осврнеме на секојдневните работи околу нас ќе видиме дека сите тие имаат врска со енергијата. Енергијата,особено, електричната е апсолутно неопходна за денешниот модерен живот. Можеме ли да го замислиме нашето секојдневие без електрично осветление, радио, телевизија, без топла вода, фрижидери, без компјутери, без автомобили? Денес сите ги користиме модерните благодети, но сите тие се поврзани со трошење на енергија. Од друга страна енергијата чини пари, а уште поважно е дека таа има влијание на животната средина со штетни последици.

ЗОШТО ТРЕБА ДА СЕ ШТЕДИ ЕНЕРГИЈАТА

Со штедењето на енергија се постигнуваат само позитивни ефекти, со разновидни придобивки.Придобивки за фирмите,домаќинствата:

- заштеда на пари
- поевтино производство
- поголем профит
- поголема конкурентност на пазарот
- подобар имиџ на фирмите

Придобивки за државата:

- помало трошење на фосилни горива
- резервите на фосилните горива ќе траат подолго
- помала зависност од увоз
- почиста животна средина

Позитивни ефекти за животната средина:

- намалување на емисиите од согорување
- ќе се намали емисијата на CO_2 кој е главен причинител на глобалното загревање
- намалено штетно влијание врз животната средина

КОРИСНИ СОВЕТИ

1. Задолжително да се стави топлинска изолација на сите надворешни површини:ѕидови,под и таван. Ѕидовите со поголема топлинска изолација чинат повеќе,но тие можат значително да ги намалат потребните капацитети за греење и ладење, а со тоа и големината на опремата која ќе биде со пониска цена. Но,најважно е што се скратуваат сметките за енергија.Во земјите на Европска Унија воведени се прописи со минимум барања за потрошувачката на енергија на зградите според кои мора да се стави топлинска изолација.

2. Систем за греење -доколку вашиот систем за греење има термостат,поставете го на 20 C°.Кога одите на спиење преку ноќ поставете го термостатот на 15 до 17 C°. На тој начин ќе трошите помалку енергија. Наутро за кратко време може да се постигне 20 C°.

3. Инсталирајте сончев колектор за топла вода. Македонија има погодна клима со многу сончеви денови и висок интензитет на сончевото зрачење.

4. Користете поефикасни светилки. Флуоросцентните светилки се поекономични и потрајни од жаречките. Тие трошат 75% помалку енергија во однос на жаречките. Во повеќе земји направен е план за отстранување од употреба на жаречките светилки.

5. При купување на апаратите за домаќинство погледајте ја етикетата за енергетска ефикасност.Апаратите со класа А(во зелена боја) се најефикасни,а со класата Г(во црвена боја) се најмалку ефикасни.

6. Вклучете ја рерната од шпоретот само кога е тоа неопходно.Рерната е многу голем потрошувач на електрична енергија. Помалку енергија ќе потрошите ако при готвењето на шпоретот ја користите ринглата, а не рерната.

7. Фрижидерот треба да биде поставен на ладно место:подалеку од топлински извори. На пример да не се постави до шпорет,до грејно тело и да не биде изложен на директно зрачење од сонцето.

8. Машината за перење треба да се пушти во работа кога е целосно наполнета со облека.Ако е делумно наполнета со облека за иста потрошувачка на енергија ќе се испере помалку облека.Вклучете програма за перење на пониска температура,денес постојат детергенти кои се ефикасни и на пониски температури.

9. Машината за миење садови пуштете ја во работа само кога е наполнета со садови.Да не биде полупразна.Ако машината има опција за кратко и економично миење одберете ја таа опција.

10. Исклучете го компјутерот и мониторот кога не се во употреба.

11. При купување на клима уред треба да го знаете соодветниот ладилен капацитет за просторијата што ќе се лади. Големината на клима уредот зависи од:големината и квалитетот на стаклената површина (прозорци и стаклени врати), структурата и квалитетот на надворешните ѕидови, страна на светот,изложеност на сонце,внатрешни топлински извори. Погрешен е изборот според квадратура на просторијата.

К.Л.

НА ВТОРИОТ ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН САЕМ НА ТУРИЗМОТ ВО ОХРИД

ХОТЕЛ МОЛИКА ВО БЛЕСКАВО ИЗДАНИЕ

Хотелските работници од оваа наша хотелска убавица учествуваа во сите три програмски делови на саемот и постигнаа навистина забележителни резултати со што го потврдија освоениот Гран-При за туризам на ниво на Република Македонија минатата година.

На Вториот Интернационален саем за туризам одржан во Охрид, вработените на хотел Молика, во мошне силна конкуренција постигнаа забележителни резултати и го потврдија освоениот Гран-при за туризам на ниво на републиката минатата година. Тие зедоа учество во сите три програмски делови на саемот: презентација, подготовка на штанд и дистрибуција на промотивен материјал, гастро натпревари по дисциплини и туристички бизнис форум, на кои се претставија во најдобро светло. Присуството на една ваква манифестација од интернационален карактер, каде што на едно место се сконцентрирани огромен број на туристички работници, хотелиери и туроператори од земјата и регионот, претставуваше вистинска можност да се покаже стручноста, зрелоста и вештината на хотелското работење, подигање на моралот на вработените, но и прилика да се разменат многу стручни мислења, да се научат нови методологии во хотелското работење, нови пристапи на работа во кујната, ресторанот и рецепциите.

Водени од минатогодишното искуство и свесни за огромниот потенцијал што го поседува хотелот Молика во поглед на стручна и кадровска подготвеност, повторно зедовме учество во трите паралелни збиднувања кои беа составен дел на саемот, при што го одбележиме и потврдивме професионалниот однос кон работата, а воедно го промовиравме нашиот хотел на едно место од каде што треба да се очекуваат позитивни ефекти во следната туристичка сезона. Овде посебно морам да ја потенцирам нашата благодарност кон туристичкиот инфо центар од Битола кои без никаков надомест ни отстапија простор на нивниот закупен штанд во центарот Билјанини Извори, на кои покрај Битола се презентираше и Хотел Молика како туристичка дестинација, ни изјави Кире Крстевски, управител на Молика.

На презентативниот дел беше промовирана понудата на хотелот „Молика" и националниот парк Пелистер за претстојната туристичка сезона со дистрибуирање на проспекти ,рекламен материјал и ценовници за индивидуални и групни посети во пресрет на пролетната семинарска сезона која го надополнува вакумот помеѓу туристичките шпицеви, а вниманието беше насочено кон туристичките работници од Албанија, Грција, Србија, Црна Гора и Бугарија, кои покажаа посебен интерес за празниците Св. Трифун, Прочка и 8-ми март кога традиционално не посетуваат во организирани групи и од кои хотелот годинава очекува значителен профит.

На гастро натпреварите кои се одвиваа во хотел Дрим во Струга, претставниците од хотел Молика, рамноправно се спротивставија на учесниците кои доаѓаа од хотели со повисока категорија и уште еднаш го потврдија професионализмот и високиот потенцијал што го поседуваат освојувајќи 11 златни и 5 сребрени медали во сите категории. Така, по два златни медали освоиаја готвачите Драган Буквиќ и Гоце Лазоровски, како и слаткарот Вера Размовска. Келнерот Груевски Стевче освои еден златен и два сребрени медали, Недановски Димче и Тасевски Добре по еден златен и еден сребрен медал, додека по еден златен медал освоија и готвачот Зоран Бучуковски и рецепционерката Сузана Лазаревска, а еден сребрен медал освои и главната домаќинка Оливера Печенпетеловска.

Во рамките на саемската манифестација во Охрид, во просториите на хотелот Инекс Горица се одржа и Туристичкиот бизнис форум, каде пред многубројните учесници од туристичките комори, факултетите за туризам и угостителство, претставниците на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и претставници на Владата на Република Македонија се одржаа повеќе трибини на кои активно учествуваа и управителот на хотел Молика Кире Крстевски и раководителот на хотелот Никола Каровски.

Заклучоците кои произлегоа од овие трибини како предлози ќе бидат доставени до Владата на Република Македонија преку Секторот за туризам при Министерството за економија, а воедно ќе бидат и добра почетна основа на новоформираната Агенција за промоција и подршка на туризмот, која во иднина ќе се грижи за комплетната национална туристичка стратегија во интерес на развојот на туризмот во нашата земја, истакна на крајот управителот на хотел Молика, Кире Крстевски.

Ј.К.

СНЕГОТ ДОНЕСЕ ГОЛЕМ БРОЈ ТУРИСТИ НА ПОПОВА ШАПКА

Попова Шапка е најблиска зимска дестинација, таа е вистински туристички рај каде владее хармонија помеѓу сонцето, белината на планината и чистата природа

Катерина Лазаровска

За сите вљубеници на планината и белиот спорт , Попова Шапка е идеално место за одмор. На снежните падини, опкружени со белилото на снегот, зраците на сонцето, чистиот воздух, вие вистински ќе го почувствувате спокојството на природата. Снегот го зголеми бројот на туристи во нашето зимско одморалиште,ни рече раководителот на ДУТ „Попова Шапка"Петре Димитриески. Попова Шапка е еден од најпознатите зимско-рекреативни и скијачки центри кај нас. Сместен е во западниот дел на Македонија, со голем број ски-терени со различно ниво и тежина, со можност за изнајмување на ски-опрема, со инструктори кои го прават скијањето вистинско доживување. На повеќе од еден метар снег на патеките Церепашина и Ајдучка Рамнина изминатиов период уживаа повеќе од 10.000 туристи. Благодарение на нашата компанија дел од ова национално богатство користат голем број туристи. ДУТ Попова Шапка ДООЕЛ Тетово, АД ЕЛЕМ-Скопје, располага со два хотели „Попова Шапка" и „Славија" кои се наоѓаат на 1708м надморска височина. Скијачкиот центар Попова Шапка е поврзан со локален асфалтиран пат од Тетово во должина од 18км кој во зимскиот период редовно се одржува. Хотелот„Попова Шапка" од Б категорија се наоѓа покрај самите скијачки терени, располага со 53 двокреветни соби, трокреветни и четворокреветни, сите со туш/вц односно сместувачки капацитет за околу 190 гости. Од хотелските содржини објектот е составен од ресторан, аперитив бар, ТВ сала, диско клуб, продавница, сервис за изнајмување ски - опрема, пинг-понг сала, билијард, разни забавни игри. Хотелот „Славија" од Б категорија располага со 33 соби (двокреветни,трокреветни и четворокреветни) и 6 апартмани. Од хотелски содржини објектот е составен од ресторан,тераса со поглед кон терените за скијање, аперитив бар, ТВ сала, продавница, гардероба, сервис за изнајмување на ски - опрема, билијард, пинг - понг, разни забавни игри и покриен базен.Оваа година цените во нашите хотели се:

ПОЛУПАНСИОН	ПАНСИОН	НОЌЕВАЊЕ
1/2 2.300	1/2 2.600	2000
1/3 2.100	1/3 2.400	1800
1/4 1.900	1/4 2.200	1600

Овие цени се за лице на ден,плус туристичка такса 61 денар. За вработените на нашата компанија нудиме попуст 30%. Оваа зимска сезона имаме гости од Македонија, Косово, Албанија, бившите југословенски простори, а особено Србија ни рече Димитриески. Скијачкиот центар располага со прекрасни скијачки терени со површина од 35 км погодни за разни скијачки дисциплини. Располагаме со 9 ски-лифтови и 2 двоседи. За време на викендите бројот на посетители достигнува и до 10.000. Цената на дневна карта изнесува 700 денари, полудневна 600 денари, неделна 4200 и сезонска 10.000. На Ајдучка Рамнина се планира да се изгради ново бачило, а во план е и уште еден ски - лифт. Попова Шапка е најблиска зимска дестинација, таа е вистински туристички рај каде владее хармонија помеѓу сонцето, белината на планината и чистата природа. На терените на Попова Шапка се враќа и познатиот Шарпланински куп. Попова Шапка е еден од ретките зимски центри кои нудат убавини и патеки како за почетници така и за професионални скијачи. На сонцето,снегот и чистиот воздух не може никој да одолее. Ако во другите скијачки центри уживањето може да го расипе недостигот од снег,на Шапка секогаш има доволно снег и најмногу сонце.

ВОЗОБНОВЕНА ЗНАЧАЈНА СПОРТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА

ЕЛЕМ ВНЕСЕ КВАЛИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ШАРПЛАНИНСКИОТ КУП

Словенечката легенда Бојан Крижај свечено го отвори 36. Шарпланински куп, кој се одржи на патеките Орлова и Езерино на Попова Шапка. Тој го означи почетокот на најстарото скијачко натпреварување на Балканот, кое датира од 1947 година. По неколкугодишен прекин, „Електрани на Македонија" скијачкиот клуб Љуботен, Агенцијата за млади и спорт, обезбедија средства за организирање на овој спектакл во обновениот скијачки центар Попова Шапка. На Купот учествуваа 37 натпреварувачи од Белгија,Хрватска,Франција , Грција, Македонија, Холандија, Словенија, Словачка, Србија и Унгарија. Меѓу нив, се наоѓаат 12-мина натпреварувачи кои се меѓу првите 500 на ФИС- листата, што значи дека имаат резултати во рамките на олимписката норма.Се одржаа , велеслаломска трка на патеката Орлова, и слаломска трка. Претседателот на организацискиот комитет и директор за производство на АД ЕЛЕМ Димитар Танурков, рече дека целта е постигната и даден е импулс за враќање на стариот сјај на Шарпланинскиот куп. Словенечкиот ас Бојан Крижај , кој беше предвозач на велеслаломската трка, се сретна со менаџерскиот тим на ЕЛЕМ, кои ги поседуваат најголемиот дел од објектите на ски- центарот на Шара и се согласи да лобира за пронаоѓање на странски инвеститор кој би го зел скијачкиот центар под концесија.

-Тука сум за првпат по 25 години. Им се воодушевувам на планините, зашто да имаш дома нешто слично е научна фантастика. Се надевам дека отсега почесто ќе доаѓам тука. Се уште е рано да се каже дали ќе се инвестира во центарот. Можности постојат зашто има одлични услови какви што би посакал секој - изјави Крижај за првите впечатоци од Попова Шапка.

Генералниот директор на ЕЛЕМ , д-р Влатко Чингоски разговараше со Крижај.

- Ова е прва фаза во која сакаме да видиме дали може да се развие интерес кај инвеститори, а потоа, кога ќе ги согледаме потенцијалите на Шапка, ќе знаеме и што да побараме од тие инвеститори. Бојан Крижај рече дека е воодушевен од потенцијалите што ги нуди Шапка и дека може, доколку има согласност од македонската страна, да лобира кај фирми и лица кои се занимаваат со овој бизнис. Посочи дека има познанства со лица кои управуваат со зимски скијачки центри, а тој и порано посредувал во изнаоѓање инвеститори - изјави д-р Чингоски. Шапка е влезена во владината агенда како едно од поперспективните места за развој на зимскиот туризам во Македонија.

ХОБИ-САШО ЈОВАНОВСКИ, ХЕЦ „МАВРОВО“

КОШАРКАТА Е МОЈОТ СВЕТ ОД СОНИШТАТА

Клучот за успехот на секој спортист го гледам во упорната работа и љубовта кон спортот

Еден од македонските спортисти нашиот колега Сашо Јовановски, денес во својот дом развива стратегија за нов исчекор во македонската кошарка. По неколкугодишна пауза поради здравствени причини тој планира повторно да ја активира јуниорската екипа во Гостивар и да подготвува нови играчи, нови победници. Сашо беше тренер на кошаркарскиот клуб "Гостивар" до 2001 година. Потоа премина во клубот „Младост„ каде ја предводеше јуниорската школа до 2006 година. Се започна пред четириесет години кога Сашо Јовановски играше кошарка со другарите во своето маало. Од тие маалски натпревари се роди љубовта кон кошарката која трае и денес. Професионално со кошарка започнал да се занимава во далечната 1970 како пионер-кадет. Две години подоцна веќе во 1972 преминал во јуниорската екипа на кошаркарскиот клуб „Маврово„ од Гостивар и истата година учествувал во јуниорската репрезентација на Република Македонија во тогашна Југославија. Од 1975 Сашо поминал во сениорската екипа на КК „Маврово„. Во 1977 година со КК Маврово станавме републички прваци, се потсетува Сашо. Тоа беше генерацијата која ја подготвуваше тренерот Петко Наумчески. Оваа победа ми е една од најдрагите, истакна Сашо, таа година екипата беше најсупериорна без ниту еден пораз во првенството. Златниот медал го освоивме заслужено без ниеден пораз, а јас бев во топ форма. Активно играв се до 1982 година. По дипломирањето на Правниот факултет и вработувањето се активирав со кошарката, но, како тренер на женскиот кошаркарски клуб „Мего„ од Гостивар кој подоцна се преименува во КК „Гостивар„. Овој клуб играше многу години во првата републичка лига и со него го достигнавме пиедесталот - бевме републички прваци. Од овој клуб каде јас бев главен кормилар произлегоа шест репрезентативки: Наумческа Катерина, Милошеска Милена, Моника Гаврилоска, Јасмина Јанеска, Јасмина Грујоска и Николина Николоска. Спортот е составен дел на секој човек, го заврши разговорот со нас нашиот колега Сашо Јовановски. Клучот за успехот на секој спортист го гледам во упорната работа и љубовта кон спортот. Не сум илузионист зошто и самиот сум почнал од ништо, ме водеше единствено љубовта кон кошарката. На нашиот колега Сашо Јовановски вработен како правник во подружницата ХЕЦ„Маврово„ - Гостивар, во моментов раководител на правната служба му посакуваме уште многу спортски успеси.

К.Л.

АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ

ЖИВКОВСКА: ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ ОД *ПРИМАРНА ВАЖНОСТ*

Активностите на Организацијата на жени при АД ЕЛЕМ продолжуваат и течат според планот и со задоволителна динамика, вели Весна Живковска,старо - новата претседателка на Организацијата на жени, при Синдикатот на АД ЕЛЕМ – Дирекција. Станува збор за самостојна организација која ги реализира пред се правата и интересите на вработените жени.

-Наша грижа е заштитата на нивното здравје, како и вклучување на женските приоритети и во согласност со тоа изминатиов период ги реализиравме превентивно - здравствените прегледи. Тие се состојат од бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, ,индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта,гинеколошки преглед и други лекарски совети. Целта е да се стави акцент на потребата и значењето на превентивните прегледи кои ја будат свеста за грижа за сопственото здравје, како и можноста за рано откривање и спречување на болестите- потенцираше Живковска.

Програмските цели и задачи на нашата организација опфаќаат и посета на културно – историски споменици.

Организиравме еднодневна екскурзија во историското Крушево, посета на гробот на прерано починатата македонска музичка легенда Тоше Проески и манастирот Свето Преображение кој го градеше Тоше. Ја интензивиравме соработката меѓу Активот на жени и Синдикалната организација. Закупен е термин за користење на спортската сала во основното училиште „Димитар Миладинов“. Салата за спорт и рекреација можат да ја користат нашите вработени секој понеделник од 18 до 19:30ч.

В.М.

„ИРЕНА“

МАКЕДОНИЈА СТАНА ПОЛНОПРАВНА ЧЛЕНКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА *ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ*

Македонија стана полноправна членка на ИРЕНА, меѓународна агенција за обновливи извори на енергија. Министерот за економија Фатмир Бесими, кој учествуваше на основачкото собрание на Меѓународна агенција за обновливи извори за енергија (ИРЕНА) што се одржува во Бон, СР Германија, ги потпиша Статутот и Подготвителната комисија на ИРЕНА, со што Република Македонија стана полноправна членка на оваа меѓународна агенција.Иницијативата за основање на ИРЕНА потекнува од Германија, Данска и Шпанија, а досега ја поддржале 70 земји.

Над 40 земји го потпишаа актот за основање на Агенцијата.Со потпишувањето на актите за обновлива енергија, ќе станеме еден од основачите на ИРЕНА. Очекуваме во иднина да добиеме значајна поддршка во политиките и во дефинирањето на програмите за развој на обновливите извори на енергија во земјата. ИРЕНА ги поддржува проектите за добивање енергија од обновливи извори, односно од хидроелектрани, биомаса, соларна и ветерна енергија, а Македонија има обврски за вложување во обновливи извори за енергија и до 2020 година 20 отсто од енергијата треба да се добива од нив. Инвестициите во обновливи извори за енергија веќе се прават во Република Македонија преку проектите за инвестирање во нови хидроелектрани,како и преку реализацијата на проектите за изградба на соларни колектори и за добивање електрична енергија од ветерници и од биомаса.

Субвенциите за соларните колектори се еден од начините за зголемување на енергетската ефикасност, а веќе е потпишан Договор за изработка на Стратегија за обновливи извори за енергија со М АНУ. Имаме јасна политика за поддршка на овие извори за енергија.

СВЕТ

ПРОИЗВЕДЕН СИНТЕТИЧКИ ГАС ОД ДРВА

Швајцарско - австрискиот истражувачки конзорциум пред Божиќ произведе синтетички земјен гас од дрва. Синтетичкиот земјен гас всушност не е земјен гас ,туку негова уметничка алтернатива. Произведен е во експериментална постројка во Гуессинг, Австрија, во електрана каде од дрвени иверици се произведува електрична и топлинска енергија за околните подрачја. При согорување на дрвените иверици на 900 степени се создава гасовита смеса. Таа на почетокот не е погодна за користење, но, по постапката кога се претвора во метан, може да се користи како земјен гас. Од 360 кг дрва се добиваат 300 просторни метри дрвен гас од кој се создаваат 120 просторни метри синтетички земјен гас. Во Гетебург, Шведска веќе е предвидена постројка за изградба на биогас од 100MW, според австрискиот пример.

ПРВА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРАНА ВО ИРАН

Иранската организација за обновливи извори на енергија објави дека е пуштена во погон првата иранска фотонапонска електрана. Електраната се наоѓа во градот Шираз, пуштена е во погон пред дваесетина дена, нејзината вршна снага изнесува 250 kW, но се очекува да се зголеми на 500 kW. Постројката е изградена само од ирански материјали според предложените ирански проекти.

БИОМАСАТА КАКО ЕНЕРГЕТСКИ ИЗВОР

Енергетската слика на Хрватска може значително да се промени со преработка на шумската биомаса. Производството на тој вид на обновлива енергија се договара во соработка со долгорочна соработка на хрватското електростопанство и храватските шуми. Горски Котар е најпошумен предел во Хрватска. Во Чабарскиот крај 90 % површина е со шума. Со употреба на мала механизација во тие подрачја може да се соберат големи количини биомаса за производство на енергија. Во изминатите четири години Фондот за заштита на околината и енергетската ефикасност одобри средства за повеќе од 300 проекти со кои се поттикнува користењето на сонцето, ветерот, водата, биомасата во производство на енергија. Европската Унија е за 40% понапредна од Хрватска во употребата на потенцијалот на обновливите извори на енергија. До влезот во ЕУ, Хрватска мора да се прилагоди на европските законски прописи кои точно ја определуваат употребата на енергијата.

ДИРЕКТИВА ЗА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Германското сојузно здружение на соларното стопанство го поздрави усогласувањето на Европскиот Парламент со членките на Европската Унија за Директивата на обновливите извори на енергија според кое влијанието на обновливите извори на енергија треба да се зголеми за 20% до 2020 година. Со новата Директива се предвидува слободен пристап кон сите електроенергетски состави за сите постројки кои користат обновливи извори и државни акциски планови за што поголемо користење на обновливите извори на енергија.

ЕВРОПА И БАЛКАНОТ ЗАЛОЖНИЦИ НА СПОРОТ ЗА ИСПОРАКА НА ГАС НА УКРАИНА И РУСИЈА



Рускиот гас, протече. Се одвртија вентилите за природниот гас кон Европа и Балканот. Москва и Киев постигнаа договор околу цената. Украина од јануари 2010 ќе плаќа европска цена за гасот

***Катерина* Лазаровска**

Се започна кога Москва го обвини Киев дека краде од гасот што низ цевководот во Украина од Русија се пренесува до Европа и до Балканот. „Гаспром" побара Украина да плаќа повеќе за гасот, „Нафтогас" одби. Штетите од гасната криза се уште се бројат. Одлуката на Русија да го прекине снабдувањето со гас за Европа преку Украина тешко го погоди Балканот сред зимската смрзнувачка. Десетици илјади станови останаа без греење поради кавгата меѓу Русија и Украина, која без гас остави над 12 држави. Бугарија, Хрватска, Чешка, Грција, Македонија, Романија, Србија, Словачка и Турција останаа без рускиот гас. Кај другите вклучувајќи ги Австрија, Франција, Германија, Унгарија и Полска имаше забележителен пад на снабдувањето.

„Да, преговорите беа навистина тешки, но постигнавме заедничко разбирање, што дава можност за потпишување на сите договори. Веднаш по потпишувањето на сите документи за транзит и набавка на гасот, целиот проток на гас за Европа продолжи. Самитот даде резултати и беше постигнат заеднички договор", рече Јулија Тимошенко, премиерот на Украина.„Постигнавме договор за извозот на гас. Русија и Украина ќе ја користат европската формула за пресметување на цената. Се договоривме,во 2009 година ќе има 20% попуст за нашите украински партнери, ако тарифата за извоз на гас за европските потрошувачи преку територијата на Украина остане иста, и ако цената за транзит на гасот остане иста како во 2008", изјави Владимир Путин, премиерот на Русија. Договорот што го постигнаа Путин и Тимошенко, само формално го потврдија руски „Гаспром„ и украинската „Нафтогас„. По ова се очекува обнова на транзитот на рускиот гас преку Украина до европските земји.Гасната криза ја разниша и македонската економија. Откако запре дотурот на овој енергент за земјава, околу 2.000 луѓе останаа без работа.Запрената испорака на рускиот гас ги остави половина Европа и речиси целиот Балкан без греење, со работа престанаа многу фабрики. Во Македонија погоните ги затворија Макстил и кумановската фабрика за цевки 11 Октомври.Москва и Киев ги игнорираа досегашните договори, а продолжија со меѓусебните обвинувања за тоа кој е виновен за блокираната испорака. Околу 15 држави од Европа и од Балканот се мрзнеа поради руско-украинскиот спор за гасот. Путин најави дека ќе бара милијарда евра отштета од Киев. Претседателот на европската комисија Баросо се закани со судска разврска ако не заврши блокадата.„Гаспром ќе пушти гас низ Украина кога Русија ќе се увери дека профункционира контролата за транзит на гас", изјавуваше премиерот Владимир Путин.Тој изрази жалење поради гасната криза и проблемите на Европа со гасот. „Жалам поради оваа ситуација и изразувам солидарност со потрошувачите во Европа", рече Путин и изрази надеж дека тоа нема да се повтори.Тој потсети дека Русија имала два услови за обнова на доставите на гас - потпишување на одредниците и почеток на работата на набљудувачите. По инсистирање на Москва, во Брисел е договорено освен набљудувачи на ЕУ, во клучните станици на украинскиот гасовод да бидат поставени и контролори од Русија што ќе проверуваат дали Украина краде од рускиот гас. Украинците прво се согласија, но потоа негодуваа за ваквиот предлог.„Станиците за пренос на гас што експертите треба да ги посетат се лоцирани на руска територија. Во меѓувреме, во отсуство на гас, во студ беа обвиени повеќе европски држави. Се мрзнеше и речиси целиот Балкан. Романија прогласи вонредна состојба. За милиони луѓе немаше греење, се затворија голем број фабрики.Во некои училишта во Бугарија учениците седеа облечени во зимски палта. Премиерот Станишев најави дека Софија ќе го вклучи и третиот реактор од нуклеарката Козлодуј за да обезбеди доволно електрична енергија. По многубројните преговори Русија ги одврти вентилите за природниот гас кон Европа и кон Балканот. Со договор за контрола на транзитот преку Украина, Москва и Киев ставија крај на блокадата што изминатите недели го стресе стариот континент.

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

ПРИРОДА ПРЕТОЧЕНА ВО ЕНЕРГИЈА

ЗА НАС | НАШИ АКТИВНОСТИ | ТЕНДЕРИ | ПУБЛИКАЦИИ | ГАЛЕРИЈА | КОНТАКТ

Барај...

ВЕСТИ

АД ЕЛЕМ со инвестиција од

2008-12-30

АУКЦИЈА НА ВИШОЦИ НА ЕЕ

АРХИВА НА ВЕСТИ >>

ПРИРОДА ПРЕТОЧЕНА ВО ЕНЕРГИЈА

ИДНИ ПРОЕКТИ

ХЕ ГАЛИШТЕ

ХЕ БОШКОВ МОСТ

РЕГУЛАТИВА

Закон за енергетика

Закон за водите

Закон за градење

Закон за концесии

Закон за преобразба на ЕСМ

Закон за животна средина

Правилник за регулирање на цени

Правилник за постапката за издавање на лиценци

Дома | Мапа на сајтот

© ELEM 2008

www.elem.com.mk